# Јулија Прашулија

Превод: Дафина Цепароска

INSTITUTE OF NEXT
BY INFONOMIA

# Јулија Прашулија

Оригинална идеја на: Алфонс Корнела

Текст: Цина Клот; Илустрација: Силвија Морила; Дизајн: Куро Асторза

Превод: Дафина Цепароска

Се викам Јулија,
Мама ми вели,
Љубопитна сум како маче.

Ме вика, Јулија - прашулија.

Многу сакам да поставувам прашања, Дури и кога не добивам одговори.  Сè си мислам, дека ако си имаш едно „зошто“ Секогаш можеш да си најдеш и едно „како“.

*Јулија Прашулија*



1.

Започна новиот ден, и додека се капам, си размислувам...

# Што ли прави чудовиштето од водоводот со сета вода, која протекува надолу по цевката додека јас чекам да се загрее?

Јулија Пpашулија



2.

Излегувам на улицата
и си замислувам...

... дека сите мастики залепени
на асфалтот, Наеднаш
решаваат да се надуваат
и одлетаат, Како меурчиња
од сапуница, Помагајќи му
на мојот тротинет Да се
движи најбрзо на свет.

Јулија Пратулија



3.

Знам дека на час треба да се седи мирно, но чувствувам, дека така, моите идеи се лепат за подот.

А што ако ги пуштам да одлетаат?

А што ако моите идеи се стркалаат?

Јулија Праштулија



4.

Мама ме прашува зошто сум
го загубила палтенцето.
Таа вели, морам да го најдам.

# А што ако моето палтенце ме најде мене?

Јулија Прашулија


MARTA
PEP
LIA

5.

Цел ден со ранецот
на рамо...

# А дали и полжавите
# ги боли грбот?

Јулија Прашулија



6.

Дедо е полн приказни...

А што ако дедо ги наполни теглите со сите негови приказни за никогаш да не се загубат?

Јулија Прашулија



7.

Баба не е во најдобри односи со
нејзиниот мобилен телефон...

А што ако телефонот на
баба личеше на оние
Кои се користеле кога била
млада?

*Јулија Прашулија*



8.

Баба и дено ми дадоа џепарлак.

Кога ќе соберам доволно, ќе си купам телескоп.

А во меѓувреме, како да си направам да ми биде поинтересно?

Јулија Праштулија



9.

Ги пребројав сите каменчињата,
ги пребројав сите минувачи, дури и птиците ги пребројав. Немам веќе што да пребројувам...

А што ако чекањето не беше толку досадно?

Можеш да си замислиш?

Јулија Працулија



## 10.

Ми се допаѓа кога дома е чисто, ама и надвор исто.

# Ти го виде,
# Јас го видов.
# А кој ќе го собере?

Јулија Праштулија



11.

Не можам да си замислам
свет без дрвја...

# А што ако секогаш си носиме семиња во продупчени ќебови?

Јулија Прашулија



12.

Како излезе само возрасните да можат да решаваат за нашата иднина?

Па, ние децата имаме повеќе иднина.

Па што ако нè прашаат нас?

*Јулија Прашулија*



## 13.

Домашната работа сигурно е измислена од некој многу досаден човек.

# А што ако решавањето математика е како да си на некој телевизиски квиз?

Јулија Прашулија



14.

Ех да си имав поголема
сестричка, што ќе ми помагаше
како другарка ми Клое.

## А што ако си посвојам една?

Јулија Прашулија



15.

И мама учела да свири на виолина
кај професорот Шорофски.

Музиката што ја свирам
е застарена.

Дали и часовите мора да
бидат застарени?

Јулија Пратулија


An-dar en tren
es de lo me-jor.
RE7
SOL

16.

Соблекување и облекување во гардероба е многу досадна работа.

Огледалце огледалце мое,
кажи ми кој може да види
дали фустанчето ми стои
без да ги соблечам
облеките мои?

Јулија Прашулија



17.

Невозможно е некој да носи
Исто фустанче како моето.

# Решив самата да си го направам.

Јулија Працулија



18.

Тато се грижи. Се расипа
машината за перење алишта.

Некој голем познавач на
машини би можел да ме научи
Да ја поправам, а за возврат,
Јас би го научила да поправа
„мокри домашни задачи“.

За тоа сум експерт!

*Јулија Прашулија*



19.

Кога мојата сестричка е тажна, Цуцлата решава сѐ.

# А што ако постоеше цуцла за родители?



20.

Школскиот ден завршува.
Сигурно училиштето се чувствува
тажно, Кога си одам дома.

А што ако ги оставиме
вратите отворени,
За да може животот да
влезе?

*Јулија Прашулија*





**Оригинална идеја на:** Алфонс Корнела

**Текст:** Цина Клот

**Илустрација:** Силвија Морила

**Дизајн:** Куро Асторза

**Прво издание:** Јануари 2018

**Превод:** Дафина Цепароска

# Јулија Прашулија

Се викам Јулија,
Мама ми вели,
Љубопитна сум како маче.

Ме вика, Јулија - прашулија.

Многу сакам да поставувам
прашања, Дури и кога не
добивам одговори.  Сѐ си
мислам, дека ако си имаш едно
„зошто“ Секогаш можеш да си
најдеш и едно „како“.

INSTITUTE
OF NEXT
BY INFONOMIA